| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **1.** | **Наслов на наставниот предмет** | **ФЛЕКСИБИЛНОСТ И СИГУРНОСТ НА ПАЗАРОТ НА ТРУД** | | | | |
| **2.** | **Код** | | | | | |
| **3.** | **Студиска програма** | Постдипломски курс Деловно право – модул Б | | | | |
| **4.** | **Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)** | Правен факулет „Јустинијан Први“ – Скопје | | | | |
| **5.** | **Степен (прв, втор, трет)** | Втор | | | | |
| **6.** | **Академска година/семестар** | Втора година, трет семестар | **7.** | **Број на ЕКТС кредити** | 6 (шест) | |
| **8.** | **Наставник** | **Проф.Д-р.Тодор Каламатиев** (раководител на предметната програма и предметен наставник)<br>**Доц.Д-р. Лазар Јовевски**<br>(предметен наставник)<br>**Доц.Д-р.Александар Ристовски**<br>(предметен наставник) | | | | |
| **9.** | **Предуслови за запишување на предметот** | Нема | | | | |
| **10.** | **Цели на предметната програма (компетенции):** | | | | | |
| | Изучувањето на предметната програма Флексибилност и сигурност на пазарот на труд на студентите ќе им овозможи:<br>- да се запознаат со доктрината за „флексибилност и сигурност на пазарите на труд” како теоретска рамка врз чии основи се градат политиките на современите пазари на труд<br>- да ги проучат флексибилните договори за вработување кои се групираат во рамките на нумеричката и функционалната флексибилност<br>- да се запознаат со флексибилните модели за пресметување и исплаќање на плати како составен дел од финансиската флексибилност на пазарот на труд<br>- да ги проучат и опсервираат на критички начин флексибилните договори за вработување во македонското работно законодавство<br>- да ги проучат заштитните механизми и сигурносните аспекти од работниот однос, вклучувајќи ја и заштитата на работниците од отказ<br>- да ги проучат заштитните механизми и сигурносните аспекти во случај на појава на социјални ризици (старост, болест, повреда и несреќа при работа и невработеност)<br>- да се запознаат со активните и пасивните мерки на политиките на вработување, преку анализа на работата на Агенцијата за вработување на Република Македонија, но и Европските политики за вработување<br>- да се запознаат со основните карактеристики на моделот “Флексигурност“ во одредени Европски земји | | | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **11.** | **Содржина на предметната програма:** | | | |
| | Термините „флексибилност”, „сигурност” и „флексигурност”, претставуваат поими чие присуство е се позабележливо во услови на глобално пазарно стопанисување, интернационализација на комуникациите и производството и мобилност на трудот и капиталот во национални и меѓународни рамки.<br>Предметната програма „флексибилност и сигурност на пазарот на труд” е најтесно поврзана со трудовото право. Сепак, неизбежно е при проучувањето на оваа научна област, таа да не се постави во корелација со современите економски и политички науки. На современите пазари на труд, се почесто се забележуваат флексибилни (атипични, нестандардни) форми на вработување како што се: вработувањето на определено време, привременото агенциско вработување, привремената и повремена работа, вработувањето со неполно работно време, работата со флекси-работно време, вработувањето со вршење работа дома и слично. Дополнително, на современите пазари на труд постои се понезабележителна разлика и разграничување помеѓу договорите за вработување и останатите договори по повод и во врска со трудот кои припаѓаат во доменот на регулирање на граѓанското, односно трговското право. Сето ова придонесува кон намалена заштита и сигурност на работниците во нивните односи со работодавачите. Оттука, предметната програма „флексибилност и сигурност на пазарот на труд”, покрај компонентата „флексибилност” во себе ја опфаќа и компонентата „сигурност” на работниците која е насочена кон стабилноста на вработувањето и приходите на работниците во услови на флексибилни пазари на труд.<br>Програмата „флексибилност и сигурност на пазарот на труд” се состои од три дела: Прв дел – Флексибилни работни односи и флексибилен пазар на труд, Втор дел – Сигурност на пазарот на труд и Трет дел – Флексигурност.<br>Првиот дел ги разработува воведните прашања поврзани со поимот „флексибилни работни односи и флексибилен пазар на труд”, опфаќајќи ги видовите флексибилност на пазарите на труд и видовите флексибилни форми на вработување.<br>Вториот дел се однесува на компонентата „сигурност на пазарот на труд” која се јавува како противтежа на флексибилноста. Сигурноста на работниците на пазарот на труд се проучува преку: сигурноста на работниот однос, сигурноста на вработувањето, сигурноста на приходите и комбинираната сигурност.<br>Третиот дел од предметната програма, ги интегрира клучните компоненти од претходните два дела. Флексигурноста се состои во проучување на оптималниот баланс помеѓу двете спротивставени концепции (флексибилност и сигурност). | | | |
| **12.** | **Методи на учење:** | Реализацијата на наставата ќе опфаќа употреба на современа техника на предавања (интерактивни предавања, анализа на случаи, вежби и презентации, гости и посета на институции). | | |
| **13.** | **Вкупен расположлив фонд на време** | 150 часа | | |
| **14.** | **Распределба на расположливото време** | 52,5+0+17,5+0+80 | | |
| **15.** | **Форми на наставните активности** | 15.1 | Предавања – теоретска настава | 52,5 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | 15.2 | Вежби (лабораториски, аудиториски), семинари, тимска работа | 0 |
| **16.** | **Други форми на активности** | 16.1 | Проектни задачи | 17,5 |
| | | 16.2 | Самостојни задачи | 0 |
| | | 16.3 | Домашно учење | 80 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **17.** | **Начин на оценување** | | |
| | **17.1** | **Тестови/завршен испит** | - Задолжителен завршен писмен тест или усмен испит по завршување на наставата.<br>- Студентите на завршниот испит ќе можат да освојат максимум **70 поени.**<br>- Студентите не полагаат влезен колоквиум.<br><br>Во финалната оцена се засметуваат поените остварени од завршниот испит и поените остварени од научно-истражувачка работа и активност Финалната оцена не може да надмине 100 поени |
| | **17.2** | **Семинарска работа / проект (презентација: писмена и усна)** | - Студентите имаат можност да изработат научно-истражувачки труд преку кој можат да освојат **најмногу 20 поени**.<br>- Темата на научно-истражувачката работа се определува во взаемен договор помеѓу наставникот и студентот.<br>- Остварените поени од научно-истражувачката работа ќе бидат дел од финалната оцена. |
| | **17.3** | **Активност и учество** | - Студентите имаат можност да остваруваат **најмногу 10 поени** од активност при што остварените поени ќе бидат дел од финалната оцена.<br>- Начинот на спроведување на активноста е во зависност од потребите на групата и наставната единица предвидена во Силабусот на предметот |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **18.** | **Критериуми за оценување (бодови / оценка)** | до 51 бода | 5 (пет) (F) |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | од 51 до 60 бода | 6 (шест) (E) |
| | | од 61 до 70 бода | 7 (седум) (D) |
| | | од 71 до 80 бода | 8 (осум) (C) |
| | | од 81 до 90 бода | 9 (девет) (B) |
| | | од 91 до 100 бода | 10 (десет) (A) |
| **19.** | **Услов за потпис и полагање на завршен испит** | Согласно интерните акти на факултетот | |
| **20.** | **Јазик на кој се изведува наставата** | Македонскијазик | |
| **21.** | **Метод на следење на квалитетот на наставата** | Евалуација и самоевалуација | |
| **22.** | **Литература** | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **22.1** | **Задолжителна литература** | | | | | |
| | **Р. бр.** | **Автор** | **Наслов** | **Издавач** | **Година** |
| | **1.** | Каламатиев.Т и А.Ристовски | Збирка на авторизирани предавања „флексибилни работни односи и флексибилен пазар на труд“ | | 2012 |
| | **2.** | Каламатиев.Т и А.Ристовски, | Флексибилност и сигурност на работниот однос во работното законодавство на Република Македонија (развој и перспективи), | Радно и Социјално Право, часопис за теорију и праксу радног и социјалног права, Година XVII, | Београд Бр.1/2013 |
| | **3.** | | | | |
| **22.2** | **Дополнителна литература** | | | | |
| | **Р. бр.** | **Автор** | **Наслов** | **Издавач** | **Година** |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **1.** | Andy Rodgers | Labour Market Flexibility and Decent Work | RIDGE, UNIVERSITY OF BRADFORD | 2006 |
| | | **2.** | | | | |
| | | **3.** | | | | |